ЈОУ Библиотека „Феткин“, Кавадарци од 06.07.2020 година (понеделник), повторно почнува да работи со корисници. Во согласност со мерките и препораките од Владата на РСМ по предлог заклучоци од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, донесе одлука за отпочнување со работа на библиотеките. **ВАЖНИ УПАТСТВА ЗА КОРИСНИЦИТЕ** Задолжително носење лична заштитна опрема на лицето, што подразбира каква било форма на заштита која ги покрива пределот на носот и устата: маска, марама или шал

Дезинфекција на рацете пред влегување во библиотека (средството за дезинфекција е обезбедено од библиотеката)

Одржување на физичко растојание од 2 метри

Во библиотеката истовремено може да влезе по еден корисник во секој оддел

Библиотеката ќе ги следи мерките на надлежните органи и соодветно ќе ги прилагодува и менува постојните мерки на заштита. Библиотеката навремено ќе ги информира корисниците за сите промени преку соопштенија на влезот, преку официјалната веб страна и на профилот на фејсбук.

**РАБОТНО ВРЕМЕ:**

Работата со корисниците ќе се одвива во една смена од 8:30-16:30 часот.

**РАБОТА СО КОРИСНИЦИ:**

Само за враќање и позајмување книги

Обновување на членството и запишување на нови корисници.

Читалната нема да работи се до новите упатства

Вратените книги посебно се одвојуваат и во следните 72 часа нема да бидат достапни за издавање.

